**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 12,12 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љиљана Поповска, Хади Незири, Зоран Витанов, Али Ахмети, Фазли Велију, Рафис Алити, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Сафет Незири, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Никола Поповски, Никола Рилковски, Никола Ѓуркчиев, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Радмила Шекеринска, Неждет Мустафа, Љубчо Георгиевски, Данаел Дончев, Весна Јаневска, Ристо Пенов, Роза Топузова Каровска, Иван Стоиљковиќ, Марјан Додовски, Шабан Салију, Благој Зашов, Веле Митановски, Абдуљади Вејсели, Гоце Марковски и Јагнула Куновска, ме известени дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претпоставувам дека тука има пријавени за процедурални интервенции.

Господине Љубисав Иванов, повелете вашите три минути за процедурална интервенција.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам претседателе.

Другарки и другари, додека ние тука во Парламентот водиме јалови расправи и притоа имаме, така да речам, многу малку ефекти, а и производи кои немаат цена на пазарот, додека меѓусебе се напаѓаме, навредуваме, додека створаме една потполно недобра политичка атмосфера во земјата, сепак мимо нас, мимо Парламентот се одвиваат позитивни процеси. Државата сепак ни оди напред.

Ноќеска во 2,15 часот, во хидросистемот "Злетовица" е пробиен тунелот кој е најважниот објект во овој систем и без кој практично не може...

(Реакција на пратениците од опозицијата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам имајте трпение, процедурално е.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Без кој практично не може да почне изградбата на хидросистемот.

(И понатаму пратениците од опозицијата реагираат).

**Љубиша Георгиевски:** Господине Иванов што е вашиот предлог во процедурата.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Мојот предлог е кога земаме...

(Пратениците од опозицијата бурно реагираат и пратеникот).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за тишина не можам да слушам.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Ако можете да го смирите овој багабонт, некако, овој силеџија во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте да не креваме тензија. Прашав што е предлогот. Ќе каже господинот Иванов ако има предлог и ќе завршиме.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Зборот ми е да не се користат процедурите за јалови работи, туку процедурите да се користат каде што ќе соопштиме убави, корисни и ефектни резултати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам сепак да се осигураме.

Службите нека го утврдат точниот број на пратеници во салата, бидејќи гласале 51, и 51 глас е симптоматично мал, па да видиме уште еднаш дали имаме кворум за гласање.

Гласале 64 пратеници 14 гласале за, воздржани нема, против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратениците Славица Грковска и Тале Герамитчиоски поднесо аамандмани за додавање нов член 1 пред членот 1 и на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратениците Славица Грковск аи Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот господинот Трпески, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 пондесен од пратениците Славица Грковска и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот господинот Трпески, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 пондесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот господинот Трпески, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандманот.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, почитуван претставник на Владата.

Прво да изразам жалење зошто не се прифати претходниот амандман со кој веројатно ова парламентарно мнозинство ќе влезе во историјата на Парламентот во овие 16 години и дека прв пат е донесен закон кој бара финансиски средства ама не знаеме колку. Значи прв пат ова парламентарно мнозинство се решава да не го почитува членот 160 од Деловникот за работа и Закон за кој Владата вели дека требаат финансиски средства, не знаеме колку се тие, со што се отвара или се става еден голем прашалник на една идеа која за жал, со ВМРО-визацијата на идеата, паѓа во вода се она што се прави.

Секојдневно ако ги читате блоговите на студентите кои сакаат да поддржат една ваква идеа и ако очекувале, како што во Програмата во 100 чекори, ваучерите имаат една друга целна група, не се само апсолвентите, но тоа е дел од неспроведените активности што ќе ги објавиме, сега како Собрание се решаваме да дадеме средства, ама не знаеме колку. Затоа Владата во своето образложение зборува едно, портпаролот на Владата зборува друго, претседателот на Сојузот на студентите зборува трето факултетите зборуваат четврто, тука слушнавме некоја петта варијанта, а тоа е зошто бројот потребен од 10 илјади компјутери е недоволен и колку компјутери ни требаат нови или колку нови ваучери ни требаат.

Владата во своето образложение што ни го достави законот, вели дека се 220. Претседателот на Сојузот на студенти вели дека не достигаат уште 1500. Ние мислиме, ако се тера законот дека требаат уште 5000.

Бидејки Владата сака се да биде во право, а ги обвинува другите, портпаролот на Владата на прес конференција ги обвинува деканските и универзитетските управи дека тие биле криви.

Ние минатиот пат зборувавме и сега кажуваме дека не може овој закон да го разгледуваме, ако немаме барем една табела, некоја бројка што Министерството за образование ја направила во координација со универзитетите и таа бројка да ни ја достават овде па да дискутираме и да видиме дали е само 220, дали е 1500, дали е 5000.

Според податоците од студентските организации по факултетите, бројките велат друго, дека само на Правен факултет фалат 1100 ваучери, бидејки оваа година последна студиска година запишуваат студенти и од старата и од новата студиска програма.

На Електротехничкиот факултет каде што постои кредит трансфер системот имате три различни групи на завршни години. На Економски факултет фалат 50 ваучери, на Електротехнички реков таа бројка е многу повеќе, на Машински факултет фалат 50, на Замејоделски, на Ветерина, на Медицина и т.н.

Без една заедничка комуникација помеѓу Минисатерството за образование и универзитетите, ние не можеме да ја добиеме таа слика. Ние сакаме се да префрлиме на некои други институции. Излегува потпаролот на Владата и вели виновни се деканските и универзитетските управи. Владата била идеална.

Ние се обидовме да укажеме и минатиот пат на тоа дека тешко се прават закони преку ноќ, а да бидат доследни во целата имплементација. Од друга страна, ќе видиме како ќе течат амандманите, постојат, мислам Владата мораше да направи обид и со Сојузот на студентите, не мора само тука да доаѓа претседателот на Спјузот на студентите и да седи со пратениците од владеачкото мнозинство, кога се распределуваат собите во студентските домови, туку да дојде со вистинските бројки, дали се 1500, не се 1500, колку се и како да се распределат. Затоа, ако Владата опстои на членот во кој ќе се изврши поништување на сите ваучери што се издадени, тогаш нема проблем да ставиме една поголема бројка.

Јас не знам дали компанијата што е избрана, како што вели упатството од Владата, согласно член 3, избрана согласно Законот за јавни набавки, ќе изработи уште доволен број на ваучери. Но, мислам дека, ако постои член со кој се уништуваат, ако постои желба од парламентарното мнозинство за транспарентност после во јануар месец што се случило, сметам дека треба да се излезе во пресрет на барањето на студентите, да не ги обвинуваме факултетите и универзитетите дека не си ја знаат работата. Министерството за образование е должно да комуницира и да соработува со Министерството

за финансии, гледам сега исто не можат да се договорат кој е виновен за платите, но мислам дека бројката од 15 илјади мислам дека е сосема доволна да ги задоволи потребите на апсолвентите кои за прв пат ќе запишат завршна година, вклучувајки ја и ноемвриската сесија која е во тек.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Аргументите кои ги искажа господинот Макрадули, а кои ги искажавте и во вчерашните дискусии во однос на правиот амандман што предлагаше бришење на овој член, се истите. Меѓутоа, јас се јавив да искажам уште некои дополнителни аргументи со кои се надевам ќе успееме да влијаеме на парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман.

Вчера, во текот на дискусијата, во однос на првиот амандман со кој предлагавме членот 3 да остане таков како што е во постоечкиот Закон, бевме уверувани дека процедурата за доделување на ваучери се вршела крајно професионално и транспарентно, од страна на владините институции. Меѓутоа, нашата загриженост е дека со бришењето на првиот и третиот став во членот 3, ниту една владина институција нема да може да се пофали со транспарентно и професионално спроведување на ова законско решение, заради тоа што кога ќе ја избришете вкупната вредност на вредносните бонови - ваучери и кога ќе го избришете вкупниот борј на ваучери што се доделуваат, автоматски широм ги отварате вратите за обвинувања и за различни шпекулации кои можат да се движат од една страна во злоупотреба на владините институции кои ја спроведуваат постапката на доделување на ваучери, до другата крајност дека всшност се прават партиски листи и се спроведува одредена компензација на партиски членови на парламентарното мнозинство и единствено на нив се доделуваат ваучери за компјутери, виза ви спироскот на сите запишани студенти кои за прв пат запишуваат четврта година на факултетите. Затоа сметам дека во име токму на тој аргумент, во име на крајно професионално и транспарентно спроведување на овој закон и на доделување на ваучерите, во законот мора да постои вкупна бројка на вредносни бонови - ваучери, што ќе бидат доделени и точна и прецизна финансиска конструкција, согласно процедурата на усвојување на законски решенија, колку точно средства од страна на Буџетот на Република Македонија ќе требаат за ваквото спроведување на законот.

Ако не го усвоите овој амандман, уште еднаш ќе повторам, постапувате сосема спротивно од декларативните заложби за професионално и транспарентно спроведување на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Станува премногу очигледна намерата на Владата на Никола Груевски со овој закон што во форма на Предлог е доставен до нас, да си обезбеди огромен простор и дива зона за злоупотреба и тоа со неодредена финансиска импликација.

Се обидовме и во текот на минатиот ден зборував да кажам дека скандалозно е да донесеме закон со кој даваме право Владата да  си отпечати дополнителни ваучери и никој да не ја знае таа бројка.

Ќе морам да повторам, до колку не помине нашиот амандман, почитувани колеги од владеачкото мнозинство, секој од вас ќе бид елично одговорен, дека ќе озакониме проект кој предвидува кој колку сака да печати ваучери, непознат е бројот на ваучерите, непозната е буџетската ставка од која ќе бидат потрошени средствата, непознат износ на средства за тоа и извештајот, до колку некој ќе го изработи ќе го гледа само господинот Славевски. Ако тоа за вас е прифатливо, тогаш навистина престанува важноста, престанува вашата уставна обврска да претставувате инстрyмент за контрола на Владата, особено во трошењето на средствата на граѓаните.

Да ве потсетам, до колку овој амандман не помине, согласно членот 7 од веќе постоечкиот закон со кого дизајнот и печатењето на ваучерите, согласно овој закон, согласно Законот за јавни набавки, го врши Министерството за финансии. Исто така минситерот е должен да донесе упатство за спроведување на овој закон.

Јас се согласувам дека станува збор за навистина инвентивен министер. Господинот Славески во сопствена режија одлично го изработи, ако добро се  сеќавам, спотот - добра флизура за, навистина незначителен број на средства. Меѓутоа, овој пат ќе му дозволиме на Славески да може да испечати 200.000, 500.000 ваучери, кои потоа согласно законот ќе бидат поништени. Ќе знаеме ли дали ќе биде спроведено тоа согласно Законот за јавни набавки, бидејќи во сила е новиот закон што го изгласавме, дали ќе биде испочитувана онаа скандалозна одредба дека секој може без објавување на јавен повик, дополнително 30% од почетната вредност да си испечати. Тоа му дава апсолутна можност на господинот Славески, претпоставувам токму заради тоа не е присутен, за да го брани овој негов предлог. Ќе му даде можност, навистина, за огромна злоупотреба на фианнсиски средства и џабе ни е тогаш да носиме закони, џабе ни е се, до колку констатираме повторно и повторно можност за огромни злоупотреби на средства.

Не верувам дека ќе најдете сила, вие почитувани колеги до сега 15 месеци не најдовте сила да гласате согласно ваша совест, бидејќи подеднакво секој од нас е задолжен да гласа во интерес на граѓаните на Република Македонија, а и текако следењето и контролата на трошењето

на буџетските средства е од интерес на граѓаните на Република Македонија.

Повторно, не го гледам на дисплејот господинот заменик министер, повторно претпоставувам дека се чувствува во тесна кожа овде, не е во состојба да образложи зошто смета и што смета да го лимитираме бројот на ваучери согласно овој закон. Нека изнесува 15 илјади, бидејќи тоа ќе значи дека никој не ќе смее да додели повеќе од 15 илјади. Законот, како што веќе безброј пати кажав овозможува другите ваучери неискористените да бидат поништени. Јас навистина, молам за објаснување од страна на заменик министерот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да повелат да влезат во салата, зошто наскоро ќе гласаме.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, за да можеме да преминеме на гласање.

Бидејќи во салата имаме 64 пратеници, можеме да преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-б по членот 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман, а збор има господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Заменикот министер не го прифати амандманот со кој што пратеничката група на СДСМ сака подваучерот да важи за компјутерска конфигурација и заменикот министер само го демантираше еден од најголемите лажговци во Република Македонија, тоа е Ивица Боцевски, портпаролот на Влаата, кој на прес конференција на 13.11.2007 година кажува точно цитирам “по барање на студентите Владата го толкува законот полиберално односно подкомпјутер може да се подразбере и куќиште и монитор”. Бидејќи законите не се подразбираат полиберално на лажгото Ивица Боцевски, единствено Владата не го прифати, а сега останува парламентарното мнозинство да прифати дека компјутерската конфигурација се однесува на нормален компјутер, не на четврт глушец, осмина хард диск или третина принтер, туку се однесува на нормална компјутерска конфигурација. Тоа е куќиште, тастатура, глушец, монитор. Зачи, да може да си земе компјутерска конфигурација студентот, апсолвентот, а не да ги лаже портпаролот и цела јавност дека тоа се прави, а тука да не се прифаќа компјутерот да биде дел од таа компјутерска конфигурација. Ама, не е само Ивица Боцевски лажго, туку Владата . . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, по четврти пат кажувате дека е лажго, вие говорите македонски и еднаш е доволно да кажете дека е лажго, сите ќе ве разберат.

**Јани Макрадули:** Сега, требаше предварително да го подготви заменик министерот да го прифати, да го подготви портпаролот Ивица Боцевски да не ги лаже апсолвентите дека се дели цел компјутер. Јас морам да ја информирам јавноста дека предварително требаше да се информира Ивица Боцевски, дека овде не влегува компјутер и сега што да правиме. Од друга страна Владата на Република Македонија на својата веб страна има еден линк што се вика ваучери и ако отидете на тој линк на ваучери ќе ги видите насоките што таа Влада ги дава до АИТИ компаниите како да ја спроведат оваа компања на Владата. Таму Владата ги убедува или практично ги натерува компаниите да продаваат цели конфигурации. Имено, во насоките на ДОАИТИ добавувачите, значи отидете на линкот на Владата, Влада МК ваучери, ќе видите дека Владата ги тера компаниите. Ваучерот може да се користи како учество единствено за купување цел компјутерски систем, вклучувајќи и монитор. Тоа не го напишале за џабе, бидејќи го немало во законот, а портпаролот лаже, заменик министерот не ни го прифаќа амандманот да пишува и монитор, но тие им наредуваат на компаниите во упатството што им го даваат да продаваат компјутерска конфигурација и во заграда напишале вклучувајќи и монитор, бидејќи знаат што направиле. За да мора апсолвентот да додаде пари, за да компаниите кои што се рекламираат и ова е единствено со владини ваучери по весници, чии конфигурации одговараат еднакво на конфигурацијата што Владата ја има овде напишано, за што и зборував минатиот пат, да мора да докупат цел компјутерски систем и да му додадат плус пари на компанијата за која што е ова направено и ова наменето. Сега, каква ситуација имаме. Даваме амандман кој што е ист со препораката од Владата дека ваучерот може

да се користи како учество единствено за купување на цел компјутерски систем, вклучувајќи и монитор и Владата го одбива тоа. Е, сега кој го пишува ова? Не знаеме. Дали го пишувал случајниот министер за информатика, на кој веројатно метото му беше овде да зборува, да го објасни концептот или не, некој го напишал ова. И, како Генерален секретаријат имаат дадено до добавувачите дека ваучерот ќе се исплати само ако се донесе цела конфигурација. Сега, од една страна се лажат апсолвентите дека е ова за компјутер, а не е, се тераат да купуваат цел компјутер да додаваат пари, а ако некој не го напрви тоа Генералниот секретаријат согласно оваа препорака нема да им исплати пари на компаниите односно ќе изврши селективна наплата на оние компании што ги сака. Затоа, кога брзаме, кога во 22,15 минатиот пат или сега малку порано во 17,00 часот ќе ви кажат дека другиот ден има закон, се прават ненамерни нека бидат вакви грешки.

Од друга страна и минатииот пат ние поставувавме прашање тоа што студнетите најмногу ги интересира. Реков дека имаа неколку блогови, нема да ми забележат што ќе ги цитирам, еден, таа сум јас, блогот вау, вау, ваучери, каде што студентите од електротехничкиот факултет и од природно математичкиот факултет молат тој ваучер да важи за друго нешто. Бидејќи, како што си цитиран на блокот барем за апсолвентите од АИТИ факултетите не можеле да стигнат апсолвенти, бидејќи самиот процес на самите факултети е таков што вие мора да посетувате компјутер, бидејќи одговарате на прашања, имате групи електронски, веб групи, каде што разменувате задачи, се дискутира, итн. Значи, вие тоа мора да го имате. Практично, со ваучерот од 200 евра, вие ги терате да купат компјутер што го имале пред четири години дома, а знаеме дека за една година цената оди три пати надолу а перфонмансите одат три пати нагоре согласно муравиот закон за развој на информатичката технологија. И, во такви услови барањето на апсолвентите, барем оние што се профилирани во таа област да можат да си докупат нешто што би било регуларно за да можат да си придонесат во подобрување на својата конфигурација. А, ние не само што не им да ваме да си докупат нешто подобро, туку им го одземаме мониторот на нив, ги тераме да земаат пари од дома плус за да купат и монитор, а пак од дрга страна Владата со упатството ги тера да купат, односно ги тераат добавувачите да продаваат и монитор односно како што се вика нормално цел компјутерски систем, каков што се сеќавате имавме амандман минатиот пат. Во една таква каша, можеби ќе остане во ветер заедничката слика, каде што се вели дека два милиони евра даваме за компјутери. Нема врска од тоа. Беа 10 илјади, 9300 се лицитира со бројки, работата не оди добро. Дајте да се обидеме да направиме нешто нормално. Значи, да не ги тера Владата да продаваат фирмите односно да им го признава ваучерот ако не е цел, а пак тоа да не го пишува во законот. Затоа, апелирам да се прифати овој амандман, за да не бидат оштетени апсолвентите, да не бидат оштетени компаниите. Нема кој да профитира од ова, освен од не знам, не може никој да профитира од ова, мислам нема ниту проект, мислам проектот е пропаднат со масовното продавање, за жал на ваучери. За жал викам масовното продавање на ваучерите, затоа што системот не е доволно обезбеден, масовно за 180, за 160 евра има огласи и отидете на било кој факултет, за жал, се продаваат. И тоа заради набрзина кога во 22,15 ќе ви го донесат законот, вие не можете да ја обезбедите рамката во која што тоа ќе го спречите. Затоа, мислам дека ако Владата рече дека купува компјутери, нека опстои на тоа. Ако ги тера компаниите да продаваат цел компјутерски систем да опстои на тоа и да го прифати амандманот и мониторот да биде дел од овој компјутерски систем, а со уредбата да дозволи да може да се докупуваат компјутерски делови, бидејќи некој за 200 евра дали ќе го надгради во рам меморија, да не зборуваме сега тука, мислам има милиони примери, да не ги тераме апсолвентите, посебно од оние факултети кои што не можеле да станат апсолвенти ако немале компјутер, да купуваат конфигурации од пред четири години. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата за што ќе преминеме на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да влезат за да може да пристапиме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од нив 12 гласале за, воздржано гласале 2, против гласале 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер,

Ова е веројатно најголемата дупка, не е најголемата, најголемата е што законот нема

финансиска поткрепа, туку ова е најголемата злоупотреба што ќе се удри кон апсолвентите.

Имено, на Веб страницата на Владата посветена на ваучерите постојат фирми кои се регистрирани за издавање на овие ваучери за компјутерски конфигурации. Ги има вкупно 214. Јас се плашам и загрижен сум за оние апсолвенти што ќе купат, дали ќе купат и што Владата ја натерало од законот да го повлече зборот, нашиот амандман е да го вратиме старото решение, да постои гарантен лист за секој издаден компјутер. Очигледно дел од овие 214, има фирми кои се кадарни, има фирми кои се нон неим кои можат да доведат во ситуација да склопат набрзина нешто и тоа да го дадат за 200 евра и она што гарантниот лист вреди е тоа дека тој има единствен сериски број. Значи, секој гарантен лист има единствен сериски број.

Вака, немајќи го овој гарантен лист може да ни се случи дека една од овие 214 фирми ќе издаде 20 компјутери со еден гарантен лист, со еден сериски број, бидејќи не е обврзан дека некој ќе го проконтролира. Затоа Владата го направила ова, да немате заблуди односно дилеми. Тогаш ќе смета на тоа дека по теорија не се расипуваат сите ама ајде, можеби некој ќе се спасиме, па можеби фирмата нема да биде оштетена. Но, ако некој од тие апсолвенти ќе се случи нешто со компјутерот не ќе може ништо да му се поправи бидејќи тој гарантен лист може да го фрили во кош. Затоа Владата предвидела во прошлиот закон да постои копија од гарантниот лист. Сега го брише, бидејќи очигледно  некоја од овие 214 фирми што се симпатизери на одредена политичка партија, а сакаат да соработуваат добро со апсолвентите, а немаат толку добри гарантни листови односно немаат толку добри компјутери и бидејќи сите во подрум ги составуваат како ќе го решиме тоа, тргнете го гарантниот лист, ние ќе издадеме на еден гарантен лист со еден сериски број 100 компјутери и тогаш ќе се молиме на Бога тие компјутери да не цркнат.

Овој амандман мора да се прифати за да ги заштитиме апсолвентите кои покрај ваучерот ќе мора, заради тоа што не го прифативте претходниот амандман, да доплатат пари, бидејќи компаниите се обврзани од Владата да му продадат компјутер сосе монитор инаку нема ваучерите да му ги исплатат во Генералниот секретаријат и сега во таа каша попара најоштетени, за жал, ќе бидат повторно апсолвентите.

Од друга страна Владата повторно во својата насока до АИТ добавувачите бара од нив гарантен лист, но тоа го бараше минатиот пат, сега ќе рече не, се смени законот, немам потреба.

Во Правилникот што министерот Славески го има потпишано истото го пишува, но го пишува така оти некому му изгледало нормално кога ќе купуваш компјутер да има гарантен лист и службите ревносно си го подготвиле тоа. Но, кога политиката доаѓа во игра, кога доаѓа ВМРО-визација на една добра идеја, тогаш доаѓате во една ваква ситуација. Ќе го тргнеме гарантниот лист, кој ќе биде оштетен - апсолвентите. Колку ќе бидат оштетени 300. Каков ми беше мене пијар-от, ќе седнат таму луѓето што работат, кога рече премиерот два милиони евра ќе дадеме за компјутери, добро, ова победува, ајде, што ни е гајле за тие 30 луѓе.

Дајте да донесеме еден закон кој е еднаков за сите, а не закон со кој ќе се молиме на Бога случајно да не ни се расипат компјутерите тие што ги составуваат сега во подрум, во 5-6 компании, бидејќи 10 илјади компјутери во овој момент немате во Македонија, сега да дојде некој и да рече дајте ми 10 илјади компјутери за 1000 евра, немате толку. Треба да ги достават. Од 1 септември компјутерите се уште во Солун од околу 40 илјади, а 50 илјади допрва треба да тргнат од Кина. Дури стигнат за локални избори ќе се фалите.

Да бидеме малку пореални, ова е предложено од Владата заради злоупотреба, а кој ќе биде оштетен, апсолвентите. Дајте еднаш да донесеме еден закон со кој ќе се обидеме барем да ги заштитиме апсолвентите кои некој ги убедува дека добиваат спеј шатл компјутери.

Затоа го повикувам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман, бидејќи амандманот оди во функција да се заштитат апсолвентите, да се заштитат од некоја од овие 214 нон неим компании што се јавени овде, јас ве уверувам дека 80% од овие компании немаат регулирани гарантни листови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине заменик дали барате збор, или реплика?

Повелете имате збор.

**Предраг Трпески:** Сакам само да појаснам дека не се работи за некоја злоупотреба која беше изнесена тука дека ние се стремиме да ја направиме како Влада. Би сакал да појаснам дека гарантниот лист оној што го поседува ваучерот, ќе го добие. Самиот пратеник што дискутираше претходно кажа дека во моментот во Македонија нема 10-12 илјади компјутери. Ако ставиме гарантен лист во законот тоа ќе значи дека постои можност воопшто законот  да не биде спроведлив.

Од Буџетот на Република Македонија, средствата што се обезбедени, ставката е познаа со 120 милиони денари, на истата ставка ќе бидат префрлени и останатите средства кои дополнително ќе се обезбедат, а ќе бидат земени од ставката функции на државата, тоа е заради појаснување од вчера кое должам да го кажам. Ние не можеме да исплатиме по доставен ваучер, а исплатата мора да се направи до 25-ти декември, ние нема да може да ја исплатиме ако во моментот бараме гарантен лист. Што ќе се случи доколку фирмата му го испорача компјутерот на апсолвентот, да бидам попрецизен на оној што прв пат упишал последна година од студии, што ќе се случи ако компјутерот го испорача на 27-ми. Тој не може да знае однапред

кој сериски број треба да го стави во гарантниот лист или што ќе се случи доколку компјутерот се испорача на 5-ти или 10-ти јануари. Нормално сега во ноември-декември месец ќе се склучи договор помеѓу оној што го поседува ваучерот и фирмата која го продава компјутерот, ќе се склучи договор за купопродажба, во тој договор ќе биде наведена конфигурацијата на компјутерот кој се купува. Гарантниот лист ќе се даде во моментот кога ќе се подигне компјутерот. Секој компјутер ќе има гаранција.

Би сакал да напоменат и една друга работа. Понатаму има еден амандман кој ќе стане составен дел на Законот, ние ќе преземеме обврска до крајот на месец јануари да доставиме извештај до Собранието за тоа колку компјутери се продадени, колку ваучери се издадени па ќе може да се спореди колку се тоа стуфенти кои што се упишани во високо образовните институции, да се спореди со ова кое што ние ќе го доставиме како известување и да се види дали е успешен или не е успешен проектот на Владата. Токму од аспект корисниците на ваучерите може да добијат гарантен лист, гарантниот лист ќе го добијат во моментот кога ќе се изврши примо предавање на компјутерот. Во моментот кога сопственикот на ваучерот ќе подигне компјутерот од добавувачот односно од трговецот, трговецот е должен да му издаде нему гарантен лист за тој копјутер. Тоа би било појаснувањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Макрадули, повелете реплика три минути.

**Јани Макрадули:** Заменикот министер потврди дека кога премиерот излегол на телевизија и рекол дека 10 илјади апсолвенти ќе добојат компјутер, тоа не било поткрепено со реални бројки и не лежело на цврста подлога бидејќи не искомуницирале со компаниите дали е тоа можно да се оствари. И затоа викам, овој проект е неуспешен затоа што е ад хок проект, дека е дел од една пијар прескапа кампања што ја прави премиерот само заради личен рејтинг во кој нема никаков ефект. Нема никаков ефект. Сега, како што се прави во сите министерства масовно трошење пари на безвезни работи, сите се приморани да ги потрошат парите, бидејќи не можат да ги потрошат, сега нема да има компјутери, но Владата мора да ги даде парите. Подобро смислете, со два милиони евра можете да направите попаметна работа до 31 декември за развој на информатичката технологија во Македонија, можат многу попаметни работи да се направат. Затоа велам кога немате стратегија односно имате стратегија што едногласно е донесена во ова Собрание, наместо да ја следите таа или да ја следите програмата што ВМРО-ДПМНЕ ја предложило, а тоа е дека до 31 март 2007 година 50 илјади компјутери ќе набави. Не знам кога е 31 март, веројатно помина, ама не се случи. Кога работите на ад хок и само за пијар и рејтингот на премиерот, се доведуваме во вакава ситуација. Да, апсолвентите ќе станат заложници на нон неим компјутери, пакувани во 5-6 подруми низ Македонија и за тоа тие ќе добијат некој квази гарантен лист. Ако имате чист гарантен лист, ако тој е принуден да ви даде гаранција, таа гаранција има свој единствен сериски број кој не може да се повтори. Затоа единствени оштетени, со неприфаќањето, апсолвентите. Што ако на 15-ти јануари вие ни кажете дека биле распределени, толку оваа фирма продала, толку оваа, кога ќе почнат да доаѓаат без гаранција луѓето за компјутерите, бидејќи се правени наврат - нанос, никаков ефект. Важно мислиме дека е ова многу добар проект. Не. Надвор е од некоја стратегија со две милиони евра се прават 70, во овој момент можам да ги набројам многу попаметни работи за развој на АИТ технологијата во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има контра реплика? (Нема).

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници,

Измените кои се предложени во овој законк, а кои се однесуваат на член 3 кој до пред малку го дискутиравме, со кој се брише вкупната вредност на ваучерите што се издаваат и вкупниот број на ваучерите што се издаваат поврзани со оваа измена во која се брише обврската за компаниите да доставаат гарантен лист, дава сосема поинакво светло на предложениот закон.

Остава простор за констатација дека Владата во договор со компаниите кои треба да ги испорачаат компјутерите на студентите кои добиле ваучер, играат на картата да се исплатат средства од Буџетот на Република Македонија, меѓутоа средства кои ќе бидат единствено на штета на студентите на Република Македонија.

Немањето на обврска компаниите да доставаат гарантен лист за компјутерите кои ќе им бидат доделени на студентите ги прави прво студентите како најголеми жртви на она што се вика бизнис интерес. Тоа е доставување на компјутери кои немаат гаранција, на кои не им се гарантира квалитетот, а од друга страна добивање на средства од Буџетот на Република Македонија за вредност за која може да се купи нов компјутер со кој студентите можат да добијат гарантен лист во друга прилика.

Со тоа се овозможува единствена профит на компаниите заради тоа што во услови кога компаниите се способни да направат половични компјутери и да ги дадат на студентите како компензација или како одговор на ваучерот што го имаат, овозможува стекнување на корист од страна на компаниите за сметка на буџетските средства кои Владата на Република Македонија ќе им ги префрли на овие компании, меѓутоа за нов компјутер.

Ова остава простор за шпекулации и за констатации дека постои некаков договор меѓу Владата и компаниите за такво однесување на компаниите спрема студентите со што разликата во средствата можеби ќе одат на некои други конта. Најголемите жртви од ваквите измени во

законот ќе бидат студентите, заради тоа што најмалку од она што ќе го добијат е компјутер исправен, нов со гарантен лист, со гаранција која ќе им гарантира квалитет дека она што им го даваат компаниите во договор со Владата е нов компјутер што ќе можат да го користат во догледно време и за кој ќе имаат гаранција на која ќе можат во иднина да се повикуваат доколку нешто во меѓувреме се случи.

Жално е што добра идеја, што одлична идеја со вакви измени остава голем простор за политички, за партиски манипулации. Мислам дека во интерес на парламентарното мнозинство најмногу е да го прифати овој амандман и да ги спречи таквите шпекулации, да спречи студентите да бидат жртви на бизнис интересите на компаниите во договор со Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор е јавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Само едно дополнување.

Би сакал да го прашам заменикот што ќе се случи, дали ќе важи упатството потпишано од министерот Славески за начинот и постапката за издавање и користење на вредносните бонови кое е потпишано од него, каде во членот 18 искористените ваучери ќе бидат исплатени само доколку има копија од гарантниот лист со перформансите на купениот компјутер. Овде пишува дека мора да донесе копија од цел компјутер.

Ќе биде голема револуција ова. Не е проблем. Ќе се бунат и едните и другите. Но, мене ме интересира, упатството потпишано од министерот Славески дали важи или не и дали насоките до ИТ добавувачите од веб страната на Владата важи или не, бидејќи во двата документи се бара гарантен лист да биде како доказ, што компанијата мора да го донесе за да може да ги добие назад средствата од ваучерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата зошто треба да гласаме.

(Поедини пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да дојдат во салата, затоа што треба да гласаме по амандманот.

(Пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници гласале 56, за гласале 17 пратеници, воздржани нема, против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Вака, ние веќе разговаравме со предлагачите на овој амандман.

Наместо да се брише член 7, тоа веќе вчера и го договоривме, да направиме една корекција.

Зборовите “денот на влегување во сила на овој закно” да се избришат и, наместо тие зборови, да стои “30 ноември 2007 година”. Значи, до крајот на овој месец.

Тоа беше основната причина зошто се брише овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Макрадули, како се однесувате кон оваа модификација што ја предлага Владата?

**Јани Макрадули:** Доколку е легислативно во ред, се согласувам, иако да не има проблем со членот 12, каде што веќе е дефинирано кои се тие за прв пат запишани. Инаку, немаме проблем.

Ако е така, во ред. Ако нема колизија, ако можеме тоа да го направиме, се согласуваме и благодариме.

**Љубиша Георгиевски:** Може ли, според вас, ова да се усвои господине заменик министер?

**Предраг Трпески:** Да, се прифаќа со ова.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред, во тој случај можеме да констатираме дека Владата го прифаќа и овој амандман и дека текстот на овој амандман станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Тука се бара да се поднесе извештај до Собранието на Република Македонија до 31 јануари. За нас е тоа прифатливо.

Значи, амандманот се прифаќа, до 31 јануари, за овој проект ќе биде поднесен извештај до Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Значи го прифаќате амандманот.

Можеме да кажеме дека Владата го прифаќа и овој амандман, чиј што текст станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Бидејќи нема доволен кворум, давам пауза до 14,00 часот, а потоа таа пауза се спојува со паузата за ручек од 14,00 до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,48 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,20 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласале.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Почитувани колеги, бидејќи немаме доволен број на пратеници, а голем број, над 30 пратеници се оправдано отсутни од денешната работа, тоа значи дека завршуваме со денешната работа.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот со 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Колеги, ако има одредени промени во седниците ќе добиете СМС пораки.

(Седницата прекина со работа во 15,40 часот)